# ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВРШЕНА *САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ДУРДМОВ„Димитар Влахов”2022/23 и 2023/24 год*




Скопје, Јуни 2024

СОДРЖИНА

1. Идентификациони податоци за училиштето....3
2. Резиме од извршена самоевалуација ....5
3. Членови на тимот за спроведување на самоевалуацијата....7
4. Анализа на подрачјата за самоевалуација....8
5. Училишни приоритети....24

## 1. Идентификациони податоци на училиштето

| | |
|---|---|
| Име на училиштето | Државното училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид “Димитар Влахов”-<br>Скопје |
| адреса, општина, место | Ул. ,, Народни хероси ,, бр.8 –Скопје |
| Телефон | 02 2779-532 02-2779-537 |
| Фах | 02 2779-537 |
| е-маил | durdmov-dimitarvlahov-skopje@school.mk<br>durdmov-dimitarvlahov-kiselavoda@schools.mk |
| Веб страница | https://durdmov.edu.mk/ |
| основано од | Извршен совет на Р.Македонија/<br>решение бр. 09-1687/1 од 21.07.1962 |
| Верификација- број на Основното | 10-1507/3 од 13.10.1993 |
| Верификација- број за графичка Струка | 09-386/3 од 22.02.2002 |
| Верификација- број за сообраќајна Струка | 11-6711 од 15.11.2001 |

| | |
|---|---|
| Верификација- број за здравствена Струка | 11-6003 од 17.10.2006 |
| Верификација- број за здравствена струка- физиотерапевтски техничар | 11-317/3 од 11.03.2011 |
| Верификација- број за основното Музичко училиште | 11-8091/4-11 од 26.03.2012 |
| Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик |
| Година на изградба | 1962 |
| Тип на градба | тврда градба |
| Површена на објектот | 1740 m2 |
| Површина на училшниот двор | 25.400 m2 |
| Површина на спортски терени и игралишта | 820 m2 |
| Училиштето работи во смена | 24 часа (прва, втора и трета смена) |
| Начин на загревање на училиштето | Централно |
| Број на паралелки во Основното | 9 |
| Број на паралелки во Средното | 7 |
| Број на воспитни групи во ученичкиот Дом | 3 |
| Број на смени | Наставата се изведува само во прва Смена |
| Статус на еко-училиште (зелено знаме, сребрено или бронзено ниво) | / |
| Дата на добиен статус | / |

**2.Резиме од извршена самоевалуација**

Врз основа на член 29-а, од Законот за средно образование (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 44/95,24/96,34/96,35/97,82/99,29/02,40/03,42/03,67/04,55/05,113/05,35/06,30/07,49/07,81/08,92/08,336/10,116/10,156/

10,18/11,51/11,06/12,100/12,24/13,41/14,116/14,135/14,10/15,98/15,145/15,30/16,127/16,67/17 и 64/18 и ,,Службен весник на Република Македонија,, бр229/20) и врз основа на член 129,од Законот за основно образование,(,,Службен весник на Република Македонија,, бр161 од 05.08.2019г) и според Индикатори за квалитет на работата на училиштата,Државен просветен инспекторат на РСМ, комисијата за изготвување самоевалуација на работата на Државното училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов"-Скопје , за периодот од 2022/23 и 2023/24г., изврши Самоевалуација на работата во училиштето. Во текот на работата, тимот имаше средби и разговори со одговорните од тимовите за секое поединечно подрачје за самоевалуација како и со сите вработени во училиштето. Изврши проверка на потребната документација и од неа користеше повеќе податоци. Спроведе анкета со учениците, наставниците, директорот и родителите. Сите добиени податоци ги анализираше и врз нивна основа го донесе следниот извештај. За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за средно и основно образование, од Интегрална евалуација на училиштето и Правилник за СЕУ Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ. Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни илииндиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и вонnаставни активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во се помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат.

Според целоно извршена самоевалуација,комисијата ја разгледа елокупната состојба и работата во училиштето,по следниве подрачја:

1. Наставни планови и програми
2. Постигнување на учениците
3. Учење и настава
4. Поддршка на учениците
5. Училишна клима и односи во училиштето
6. Ресурси
7. Управување,раководење и креирање политика

**3.Членови на тимот за спроведување на самоевалуацијата:**

| | | |
|---|---|---|
| ***1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ***<br><br>**Јелена Јурхар**, Наташа Ангеловска, Даниела Андоновска | ***2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ***<br><br>**Ивана Клифова**, Бисера Младеновска, Елена Христова | ***3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА***<br><br>**Даниела Смилковска**,Марија Србиновска,Теодора Јовановска |
| ***4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ***<br><br>**Билјана Станоевска**, Тодорка Стојчевска,Марија Дуровска | ***5. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО***<br><br>**Ана Пендева**,Соња Кузмановска, Биљана Митиќ | ***6. РЕСУРСИ***<br><br>**Даниела Трајановска**, Дарко Костадиновски, Кристијан Таневски |
| | ***7.УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА***<br><br>**Наташа Илиевска ,** Стиф Ѓеоргиевски, Оливера Димовска | |

**4.Анализа на подрачјата за самоевалуација**

## Подрачје 1 : Наставни планови и програми

| БР. | ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ | ТЕМИ |
|---|---|---|
| 1.1 | Реализација на наставните планови и програми | • Применувани наставни планови и програми<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>• Изработување индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби<br>• Избор на наставни предмети<br>• Планирање активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето<br>• Реализација на проширени програми |
| 1.2 | Квалитет на наставните планови и програми | Родова и етничка рамноправност, мултикултурни содржини во наставните програми и учебните помагала<br>• Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>• Интегрирање на меѓупредметните цели на образованието<br>• Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми |

| | | |
|---|---|---|
| 1.3 | Вонннаставни активности | • Обем и разновидност на планираните и реализираните вонннаставни активности<br>• Опфатност на учениците со вонннаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во вонннаставните активности<br>• Афирмирање на учениците и на училиштето преку вонннаставните активности |

**Јаки страни**

- Наставниците изработуваат годишни планирања кои се во согласност со донесените програмски документи од МОН;
- Родителите редовно се информираат за целите на наставните планови и програми;
- Натавниците се целосно запознаени со процесот на изработка на ИОП и модифицирана програма.
- Изготвување на индивидуални образовни планови за ученици кои имаат потешкотии во усвојување на наставната содржина
- Родовата и етничката рамноправност во нашето училиште се почитува во целост.
- Училиштето планира и реализира разновидни вонннаставни активности според потребите и интересите на учениците
- Најголемиот број ученици се вклучени барем во една вонннаставна активност по сопствен избор

**Слаби страни**

- Недоволна иницијатива за доставување на барања до МОН/БРО за измени или дополнувања на наставните планови и програми, со цел за подобрување на образованието
- Недоволна прилагоденост на наставните планови и програми по предметите од сообраќајна струка-манипулант на телефонска централа согласно потребите на пазарот на трудот

## Идни активности

1. Континуирана соработка со БРО во насока на проширување за избор на наставни планови и програми за слободни изборни предмети.

2. Продолжување и продлабочување на соработката на училиштето со локалната средина и окружувањето

3. Поголема иницијатива за соработка со ЦССО во однос на прилагодување на наставните планови и програми по предметите од сообраќајна струка - манипулант на телефонска централа согласно потребите на пазарот на трудот.

## Подрачје 2 : Постигнувања на учениците

| БР. | ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ | ТЕМИ |
|---|---|---|
| 2.1 | Постигнувања на учениците | • Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди<br>• Подобрување на постигнувањата на учениците<br>• Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развој<br>• Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава<br>• Следење на хоризонталното и на вертикалното движење<br>• Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците |
| 2.2 | Задржување/осипување на учениците | • Опфат на учениците<br>• Редовност во наставата<br>• Осипување на учениците |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Премин на ученици од едно училиште во друго |
| 2.3 | Повторување на учениците | • Ученици што не ја завршуваат годината/образованието |

## Јаки страни

- Успешното применување на индивидуален пристап овозможува учениците да ги совладаат наставните содржини соодветно на нивните потреби и способности, што го зголемува нивниот успех и постигнување
- Редовно информирање на родителите за напредокот и постигнувањата на учениците
- Учениците учествуваат во разни приредби, натпревари и манифестации, што ја зголемува нивната мотивација, самодоверба и чувство на припадност

## Слаби страни

- Недостаток на пропишана процедура и спроведување на активности за континуиран опфат на поголем број на ученици
- Недостаток од дигитална асистивна технологија во процесот на образование на учениците, што би помогнала во нивните постигнувања и напредувања
- Недостаток од рано опфаќање на учениците од рана возраст во процесот на едукација и рехабилитација (рана интервенција)

## Идни активности

- Создавање и одржување на дигитална аудитивна библиотека со учебници, литература и други материјали во достапни формати за учениците со оштетен вид.
- Формирање на тимови кои ќе работат во областа на откривање и евиденција на децата со оштетен вид на територијата на нашата држава

- Формирање на тим од стручни лица кои би работеле во областа на рана интервенција

## Подрачје 3 : Учење и настава

| бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| **3.1** | Планирања на наставниците | • Индивидуални планирања на наставнивите<br>• Подршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Размена на искуства и информации при планирањето<br>• Распоред на часови |
| **3.2** | Наставен процес | • Наставни форми и методи<br>• Избор на задачи, активности и ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>• Приод на наставникот кон учениците<br>• Следење на наставниот процес |
| **3.3** | Искуства на учениците од учењето | • Средина за учење<br>• Атмосфера за учење<br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>• Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |
| **3.4** | Задоволување на потребите на учениците | • Идентификување на образовните потреби на учениците<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
| **3.5** | Оценувањето како дел од наставата | • Училишна политика за оценување<br>• Методи и форми за оценување<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| **3.6** | Известување за напредокот на учениците | • Известување на родителите за напредокот на учениците |

## Јаки страни

- Наставните часови се со јасна организација и распореденост на обрврските на учениците
- Редовно и навремено планирање на наставната работа во училиштето
- Училиштето навреме изработува распоред за додатна и дополнителна настава
- Наставниците користат различни метеријали и методи за стимулација на учењето.
- Активноста на наставниците и достапност за родителите и учениците при помош и работа во наставата.
- Наставниците ги почитуваат и подржуваат индивидуалните потешкотии кај учениците
- Наставниците континуирано ги следат постигнувањата на учениците
- Инклузивниот тим се грижи за вклученост на учениците кои работат по ИОП и модифицирана програма во наставниот процес
- Инклузивниот тим извршува најмалку два пати годишно самоевалуација на индивидуалните програми.
- Учениците сметаат дека часовите се интересни и има работната атмосфера

## Слаби страни

- Реализација на голем број часови и обврски во текот на наставниот ден.
- Недоволна информираност за активностите на училиштето.
- Недоволен број на обуки и работилници посветени на методиката на наставата конкретно по одделни предмети

## Идни активности

- Поголем број на обуки посветени на методиката на наставата конкретно по одделни предмети.
- Реализирање и организирање со иновативност на часовите

## Подрачје 4 : Поддршка на учениците

| БР. | ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ | ТЕМИ |
|---|---|---|
| 4.1 | Севкупна грижа за учениците | • Заштита од физички повреди и од елементарни непогоди<br>• Превенција од насилство<br>• Заштита од пушење, алкохол и од дрога<br>• Квалитет на достапна храна<br>• Поддршка на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост<br>• Грижа за учениците од социјално загрозени семејства |
| 4.2 | Здравје | • Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за учениците со здравствени проблеми<br>• Грижа за учениците со емоционални тешкотии |
| 4.3 | Советодавна помош за понатамошно образование на учениците | • Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување |
| 4.4 | Следење на напредокот | • Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>• Анализа на напредокот на учениците по паралелки |

## Јаки страни

- Училишниот простор е безбеден за изведување на наставни и воннаставни активности
- Простории во училиштето се безбедни за непречено движење на учениците, вклучувајќи ги и учениците кои покрај оштетувањето на видот имаат и телесна попреченост
- Во училиштето и ученичкиот дом учениците се под постојана грижа и надзор на вработените преку дневни и викенд дежурства на наставниот кадар, дежурства на воспитувачите, дежурства на негователките во време на ноќен одмор на учениците
- Училишниот двор е чист од секаков вид отпадоци и сите земјени површини се позеленети и редовно се одржуваат
- Училиштето има интерен акт со шеми за движење и за постапување во случај на елементарни непогоди
- Во училиштето нема малтретирани, вознемирувани и дискриминирани ученици
- Училиштето, според Законот, ја почитува забраната за пушење, алкохол и дрога.
- Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик.
- Во училиштето се подготвуваат редовни извештаи и анализи по паралелки кои се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, родителите и самите ученици. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес
- Наставниците навремено и редовно ги информирате учениците за напредок во наставата
- “ Учениците од страна на наставниците и стручна служба добиваат јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование, усовршување или вработување
- Учениците со емоционални проблеми (развод на родители, болест во семејството, трауми од конфликти и насилство) добиваат соодветна стручна помош од училиштето

- На класните часови и во редовната настава се врши едукација на учениците за придобивките од конзумирање на здрава храна

## Слаби страни

- Потребно е хигиената во училиштето и училишните простории да се подигне на повисоко ниво
- Потребно е училиштето почесто да бара мислење од родителите и да ги зема во предвид нивните сугестии и интереси
- Потебно е училиштето почесто да организира активности за обезбедување на матерјални средства за учениците од социјално загрозени семејства

## Идни активности

- Создавање и одржување на дигитална аудитивна библиотека со учебници, литература и други материјали во достапни формати за учениците со оштетен вид.

- Формирање на тимови кои ќе работат во областа на откривање и евиденција на децата со оштетен вид на територијата на нашата држава

- Формирање на тим од стручни лица кои би работеле во областа на рана интервенција

## Подрачје 5 : Училишна клима

| БР. | ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ | ТЕМИ |
|---|---|---|
| 5.1 | Училишна клима и односи во училиштето | • Углед/имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми |
| 5.2 | Промовирање на постигнувањата | • Промовирање на личните постигнувања на учениците<br>• Промовирање на постигнувањата во име на училиштето |
| 5.3 | Еднаквост и правичност | • Познавање и поттикнување на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>• Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |
| 5.4 | Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница | • Соработка на училиштето со родителите<br>• Соработка со општината и со урбаната заедница<br>• Соработка со деловната заедница и со граѓанскиот сектор |

## Јаки страни

- Наставниците ги разбираат и почитуваат индивидуалните потреби на учениците;
- Имиџот на училиштето во општеството е на задоволително ниво;
- Учениците имаат можности да учествуваат во различни проекти;
- Во училиштето има добра училишна клима и пријатна атмосфера;
- На учениците им се допаѓа што учат во ова училиште;
- Еднакво и правично однесување за сите ученици независно од етничката, родовата и социјалната припадност;
- Учениците се чувствуваат безбедно во училиштето;
- Добра соработка и взаемно почитување помеѓу наставниците и учениците;
- Соработка со локалната власт и средината, а и другите училишта;
- Училиштето е отворено за соработка со локалната заедница;
- Меѓусебна соработка наставник - ученик - родител и обратно реализирана со меѓусебна доверба ;
- Родителите се задоволни од соработката со училиштето и од поддршката која ја добиваат;

## Слаби страни

- Родителите во недоволна мера, учествуваат во донесувањето на одлуки важни за развивање на училиштето и афирмација училиштето.
- Наставниците треба да го подобрат начинот на меѓусебна соработка, почит и разбирање.
- Навремено проследување на информации, како и транспарентност при работата.

## Идни активности

- Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

**Подрачје 6 : Ресурси**

| Број | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 6.1 | Сместување и просторни капацитети | • Просторни услови<br>• Искористеност на просторните капацитети |
| 6.2 | Наставни средства и материјали | • Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>• Училишна библиотека<br>• Потрошен материјал<br>• Училишна реална или виртуелна компанија<br>• Училишни работилници за практична обука опремени со машини, уреди, апарати и алати |
| 6.3 | Обезбедување на потребниот наставен кадар | • Број на вработени и соодветност на наставниците и стручните соработници<br>• Ефективност и распоредување на кадарот<br>• Стручните соработници како поддршка на наставниот кадар |
| 6.4 | Следење на развојните потреби на наставниот кадар | • Професионален и кариерен развој на наставниците |
| 6.5 | Финансиско работење во училиштето | • Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет |

**Јаки страни**

• Просторните капацитети со кои располага училиштето (училници, училишен двор, игралиште...) максимално се користат за изведување на наставата и воннаставните активности и ги задоволува условите за изведување на настава.

• Во училиштето се користат наставни средства, аудио визуелна опрема и ИКТ опрема за реализација на квалитетна настава.

• Училиштето обезбедува стручно усовршување на наставниот кадар и нивниот професионален развој се одвива преку сите видови интерни и екстерни обуки, соработка и размена на искуства .

• Училиштето обезбедува поддршка и стручна помош на приправниците во училиштето.

• Наставиците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и и ефикасно ги користат во наставата и учењето

• Добро обучен и професионален кадар мотивиран за стекнување нови знења и вештини.

**Слаби страни**

• Библиотеката делумно располага со соодветна современа стручна педагошка литература ,како и литература и асистивна технологија за деца со ПОП .

• Нема соодветен кадар за бибиотекар

**Идни активности**

• Опремување на кабинетите со современи нагледни средства, технички помагала, дидактички материјали и потрошен материјал за реализација на квалитетна настава.

• Континуирана набавка на лектирни изданија.

• Решавање на проблемот со соодветен кадар за библиотечно работење.

**Подрачје 7 : Управување,раководење и креирање политика**

| БР. | ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ | ТЕМИ |
|---|---|---|
| 7.1 | Управување и раководење со училиштето | • Управување со училиштето<br><br>• Раководење со училиштет |
| 7.2 | Цели и креирање на училишната политика | • Јасност и соодветност на мисијата и визијата<br>• Процедури за креирање на училишната политика<br>• Резултати од развојно планирање |

## Јаки страни

- Јасна визија и мисија на директорот на училиштето, голема посветеност и амбициозност.
- Континуирана соработка на директорот со органите и телата во училиштето, непречено комуницирање и иницирање на различни активности.
- Успешна реализација на приоритетите од развојниот план – успешно спроведувана развојна политика.
- Создавање работна клима, стимулирачка работна околина и ажурност и посветеност во работата.
- Дополнително ангажирање на директорот за работа со талентирани ученици, како и мотивирање на послабите од страна на директорот.
- Креирање на позитивни модели на младинско учество и интегриран пристап на одлучување со сите заинтересирани страни со работата на училиштето.

## Слаби страни

- Да се подобри политиката за професионална докфалификација на наставно-воспитниот кадар

## Идни активности

- Поголема посветеност на обуките за наставно-образовниот кадар.
- Формирање активности на родителите за нивна меѓусебна соработка и комуникација.

## 5. Училишни приоритети

- Недоволна иницијатива за доставување на барања до МОН/БРО за измени или дополнувања на наставните планови и програми, со цел за подобрување на образованието
- Недоволна прилагоденост на наставните планови и програми по предметите од сообраќајна струка-манипулант на телефонска централа согласно потребите на пазарот на трудот
- Недостаток на пропишана процедура и спроведување на активности за континуиран опфат на поголем број на ученици
- Недостаток од дигитална асистивна технологија во процесот на образование на учениците, што би помогнала во нивните постигнувања и напредувања
- Недостаток од рано опфаќање на учениците од рана возраст во процесот на едукација и рехабилитација
- (рана интервенција)
- Недоволна информираност за активностите на училиштето.
- Недоволен број на обуки и работилници посветени на методиката на наставата конкретно по одделни предмети
- Потребно е хигиената во училиштето и училишните простории да се подигне на повисоко ниво
- Наставниците треба да го подобрат начинот на меѓусебна соработка, почит и разбирање.
- Навремено проследување на информации, како и транспарентност при работата.
- Библиотеката делумно располага со соодветна современа стручна педагошка литература ,како и литература и асистивна технологија за деца со ПОП .
- Да се подобри политиката за професионална докфалификација на наставно-воспитниот кадар

**Училишна комисија за самоевалуација:**

Бобан Спасенцовски- директор

Даниела Андоновска- психолог

Наташа Ангеловска- специјален едукатор и рехабилитатор

Љупчо Анчевки- предметен наставник по математика

Ана Пендева – предметен наставник по историја

Маја Зориќ - родител